# ШАМПИОНАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА РИДСКИ ПАТЕКИ ДОДАТОК  А02 НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА АВТО СПОРТОВИ

**АВТО СПОРТ 2010**

# ДОДАТОК А02 НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАТПРЕВАРИ НА РИДСКИ ПАТЕКИ ЗА АВТОСПОРТОВИ

**Член1**

Одборот за авто спорт на Автомобилистичката Федерација на Македонија распишува шампионат на Македонија во автомобилиски натпревари на ридски патеки за 2010 година по одредбите на овој Додаток Правилник, Правилникот за авто-картинг спортот на АФМ и меѓународниот спортски правилник на ФИА ,и неговите додатоци .

## КАЛЕНДАР НА НАТПРЕВАРИ

**Член 2**

Шампионатот се одржува по бодовен систем и се состои од 3 натпревари,а према календарот на АФМ.

Вкупниот број бодови кој се зема за пресметување на редоследот по класи /групи е 3 најдобри резултати.

## СИСТЕМ НА БОДУВАЊЕ

**Член 3**

По оваа табела се доделуваат бодови при одредување на поединечен пласман на пилотите во сите класи.

. За пласман по класи на еден натпревар,пилотите добиваат бодови по следната табела:

| место | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| бодови | 20 | 15 | 12 | 10 | 8 | 6 | 4 | 3 | 2 | 1 |

**Член 4**

По оваа табела се одредува за вкупниот(генерален) пласман на еден натпревар на кој десет најбрзи пилоти добиваат бодови :

| место | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| бодови | 20 | 15 | 12 | 10 | 8 | 6 | 4 | 3 | 2 | 1 |

## БОДОВИ НА ЕДЕН НАТПРЕВАР

**Член 5**

Бодови на еден натпревар по класи добиваат сите пилоти кои го завршиле натпреварот.

100% бодови добиваат оние пилоти во класа ,ако на натпреварот имало ( стартувале на тренинг) минимум 3 возила ,а ако имало 2 но не помалку од 2 возила, пилотите добиваат 50 % бодови.

Бодови не се доделуваат ако на тренингот стартувало едно возило во класа.

Завршување на трката значи да се најде во конечен пласман без придавка не финиширал (DNF)или не стартувал (DNS).

**Член 6**

За да се бодува натпреварот за распишаниот шампионат на истата треба да поминат верификација и технички преглед минимум 18 возила,со помалку од 18 возила ,натпревар се бодува со 50 % бодови

Последниот натпревар во Шампионатот ќе се бодува со 100 % бодови ,без разлика на број на возила опишани во алинеја 1 на овој член.

На последниот натпревар ќе се бодуваат со полн број бодови сите класи и групи без разлика на број на возила.

Ако се вози натпревар надвор од територија на Република Македонија,истиот ќе се бодува со полн број на бодови без разлика на бројот на натпреварувачи на целиот натпревар ,односно на поединечни класи.

## *ПОЕДИНЕЧЕН ШАМПИОНАТ НА ПИЛОТИ*

**Член 7**

Наслов државен шампион и конечен палсман на пилотите во секоја класа ќе биде одредена на следениот начин:

Доколку се одржани по член 2 и бодуваат по основ на член 6 од овој додаток, натпревари за конечен пласман не се одбиваат.

Доколку се одржат помалку од три натпревари,ќе се смета дека шампионатот не е одржан.

Ако во текот на сезоната 2010 пилотите не извозат минимум три натпревари во кои класата ќе се бодува со 100 % бодови ,на крајот од сезоната не се прогласува шампион во таа класа.

## *ПИЛОТИ СО ИСТ БРОЈ НА БОДОВИ*

**Член 8**

Во случај на ист број на бодови на една трка или по завршувањето на шампионатот ќе биде подобар пилотот:

а) оној пилот кој има повеќе први места

б) ако бројот на први места е ист, оној пилот кој има повеќе втори места

в) ако и бројот на втори места е ист, оној пилот кој има повеќе трети места, и така понатаму се додека не се добие победник

г) оној пилот кој има подобро вкупно време на натпреварите на кои заедно се пласирале

д) оној пилот кој има постигнато подобра стартна позиција.

## *НАТПРЕВАРУВАЊЕ НА ЕКИПИ НА АК/АКК*

**Член 9**

Екипите на АК/АКК на одделни натпревари не се пријавуваат посебно.

Бодови на клубот/екипа им обезбедуваат 3-2-1 најдобро пласиран пилот и тоа од вкупно освоени бодови се бодови за клубот/екипа без одбивање на натпревар.

Пласманот на екипите се одредува врз основа на индивидуалните пласмани на пилотите членови на тие АК/АКК.

## *ЕКИПИ СО ИСТ БРОЈ НА БОДОВИ*

**Член 10**

Во случај на ист број на бодови по завршувањето на шампионатот ќе биде подобра екипата:

а) со повеќе подобри места кои ги освоила на пооделни натпревари,

б) која освоила бодови на помал број на натпревари,

в) која има поголем збир на бодови кои ги освоиле возачите на таа екипа на сите натпревари.

Доколку во овој случај може да се земаат предвид бодовите од членови на екипата, ќе се смета времето на оној член на екипата кое е за екипата поповолна.

За да се пресметува пласман на екипи на АК/АКК на едно натпреварување, потребно е на тоа натпреварување да учествуваат најмалку 3 (три) АК/АКК.

Во резулататите на одделно натпреварување се евидентираат и бодовите на АК/АКК кои имаат само по еден пласиран возач.

Во случај да еден член на одредено АК/АКК кој стартувал на трката истата не ја завршил или не освоил бодови ќе се смета како член на екипата без оглед што не освоил бодови, а екипата се внесува во пласман спрема бројот на бодовите кој ги освоил другиот пилот или другите пилоти членови на таа екипа.

## НАТПРЕВАРУВАЊЕ НА ЕКИПИ НА СПОНЗОРИ

**Член 11**

Пилотите можат да се групираат и во екипи на покровители-спонзори кои се натпреваруваат за посебен пласман на спонзори.

Една екипа може да се состои од најмалку два и најмногу три пилоти.

На еден натпревар еден спонзор може да пријави повеќе екипи со ист назив, означени со броевите 1,2,3, итн.

Екипите на спонзори мора да поседуваат лиценца издадена од секретаријатот на АФМ валидна за 2010 година.

Екипите на спонзорите посебно се пријавуваат за секое натпреварување најдоцна пред втората седница на жирито со задолжително презентирање на доказ за согласност на пријавените пилоти без кои екипата на спонзорот не може да биде прифатена. Спонзорот може да пријави пилот само со одобрение на матичниот клуб на пилотот.

За да се пресметува пласман на екипи на спонзори, потребно е за натпреварот да се пријават најмалку три екипи на спонзори.

Пласманот на екипите на спонзорите се одредува врз основа на збирот на бодовите кои ги освоиле најдобро пласирани два членови на екипата.

## ЕКИПИ СПОНЗОРИ СО ИСТ БРОЈ НА БОДОВИ

**Член 12**

Во случај на ист број на бодови на некое натпреварување подобар пласман ќе има екипата:

а) чии членови имаат повеќе подобри места на трката

б) чии членови имаат помал просек на вкупните времиња на тренингот.

Во случај еден од членовите на екипата на спонзорот кој стартувал на трката и истата не ја завршил или не освоил бодови, ќе се смета како член на екипата без оглед на тоа што не освоил бодови, а екипата се внесува во пласманот спрема бројот на бодовите кои ги освоил другиот пилот (или другите пилоти) на таа екипа.

## *ШАМПИОНАТ НА ЕКИПИ*

**Член 13**

Насловот на екипниот шампион и конечниот пласман во конкуренција на екипи на АК/АКК и екипи спонзори, ќе биде одреден врз основа на збирот од бодовите кои ќе ги соберат на сите натпревари .

## *КОТИЗАЦИЈА*

**Член 14**

АК/АКК на секој натпревар за учество на своите натпреварувачи ќе плаќа за секој натпреварувач на организаторот котизација во износ од 3.000,00 ден. Натпреварувач кој нема да уплати котизација нема право на настап на тој натпревар.

Котизацијата за секој поединечен натпревар изнесува 3.000,00 ден.во денарска противвредност ис е уплаќа на жиро сметка на организаторот .и истата оди како помош на организаторот.

Спонзорот екипа плаќа на организаторот котизација во износ од 5.000,00 денари за учество на екипата на натпреварот ,која ја уплаќа на жиро сметка на организаторот .и истата оди како помош на организаторот.Екипа спонзор кој нема да уплати котизација нема право на настап на тој натпревар.

## *ПАТЕКА И УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗАТОРОТ*

**Член 15**

Секој организатор мора да поседува лиценца за патеката на која се одржува натпреварот за 2010 година согласно Правилникот за ридски патеки во автомобилизам.

Информирањето на возачите на натпреварот ќе се одвива со билтени,кои ќе се истакнуваат на службената огласна табла**.**кои мора да бидат две и тоа една во паркот на возачите и една на цел.

## ДОЛЖИНА НА ПАТЕКАТА

**Член 16**

Минималната должина на патеката која секој пилот на натпреварот на ридски патеки за Шампионатот на Македонија мора да ја помине за да има пласман, без разлика со кое возило се натпреварува е 6500 метри.Оваа должина пилотот мора да ја извози во една две или три возења,а колку возења ќе има одредува организаторот во својот посебен правилник за тој натпревар.

Во случај на прекин на натпреварот и возачите не ги извозиле пропишаните 6500 м.одлука за начинот на бодување донесува жирито на натпреварот.

Ако патеката е пократка од 6500 метри,а подолга од 3250 метри,трката ќе се состои од две возења,со тоа што за пласман на таа трка се собираат времињата од двете возења.

Доколку патеката е подолга од 6500 метри,за шампионат на Македонија трката ќе се состои од едно возење.

Минималната должина на ридска патека за Шампионат на Македонија изнесува 2200 метри во кој случај ќе се возат три возења.

Доколку натпреварот се состои од три возења за конечен пласман се зема збир на времињата од трите возења.

## *КЛАСИ И ГРУПИ*

**Член 17**

Шампионатот на Македонија во авто-трки на ридски патеки за 2010 година , се распишува за следните класи:

## ГРУПИ И КЛАСИ

| **КАТЕГОРИЈА 1** | | |
|---|---|---|
| **ГРУПА N** | | |
| класа 2 | -до 1400 ccm | **група N** |
| класа 3 | -од 1401 ccm-1600 | **група N** |
| класа 4 | -од 1601 ccm-2000 | **група N** |
| класа 5 | -Преку-2000 ccm | **група N** |
| **ГРУПА A (S–1600,S-2000,KIT CAR,SP)** | | |
| класа 1* **ЈУГО** | -до 1150 ccm | **група А со АНЕКС** |
| класа 6 | -до 1150 ццм | **група А** |
| класа 7 | -до 1400 ccm | **група А** |
| класа 8 | -од 1401 ccm-1600 | **група А** |
| класа 9 | -од 1601 ccm-2000 | **група А** |
| класа 10 | -Преку-2000 ccm | **група А** |
| класа 11 | - 2000 ccm | **SP** |
| **ГРУПА Hobi** | | |
| класа 12 | -од 1151-1400 | **група H** |
| класа 13 | -од 1401-1600 | **група H** |
| класа 14 | -од 1601-2000 | **група H** |
| класа 15 | -Преку-2000 ccm | **група H** |
| **ГРУПА E1 ( GT , ST , WRC)** | | |
| класа 16 | -до 2000 ccm | **група ST** |
| класа 17 | -до 6500 ccm | **група E1 , GT** |

Дадените класи нема да се менуваат до 31.12.2010 година.
**Се најавува распишување на Групи “R” – FIA ( R1,R2,R3 ) !**
***Се најавува од 2011 година распишување на класа Е1 -до 1200 ccm,E1-до 2000ccm и E1-над 2000 ccm***

Со пријавата за натпреварот организаторот е должен да ги прими сите погоре наведени возила без ралика дали ја имаат или не распишано класата .

На еден натпревар пилотот може да настапи само во една класа, односно да достави пријава за една класа**.**

Организаторот е должен да ги распише сите класи пропишани во став 1 од овој член во Посебниот правилник за натпреварот

Распоредот на стартот на тренингот и трката е следниот: ***група N, A (****S* 1600 Rally, KIT CAR, S 2000 (rally + circuit) , **SP , H , E1 ,** WRC , ST , GT, **C, CN, C3, D, E** и тоа од помала класа кон поголема во однос на групата,исто и од помал кон поголем стартен број во однос на класата.

На меѓународни натпревари(PE, CEZ, FIA Challenge),распоредот на стартот го одредува организаторот со Посебниот правилник за натпреварот,запазувајќи ги основните правилници на наведените шампионати.Во овој случај сите класи кои не се бодуваат за распишаните меѓународни шампионати ,стартуваат пред распишаната група и не искачаат во конечните резултати на натпреварите во (PE, CEZ I FIA Challenge )шампионати..

Ваков распоред на стартот не може да биде предмет на приговор..Истиот може да се смени само со одлука на жирито на натпреварот.

## *УСЛОВИ ЗА ПИЛОТИТЕ*

**Член 18**

Право на учество имаат сите пилоти кои поседуваат возачка дозвола најмалку од "Б" категорија, возачка лиценца заверена за 2010 година, здравствен картон заверен за тековната година и сите останати документи предвидени со Правилникот за авто спорт на АФМ. Полисата за осигурување мора да гласи на најмалку износ од 2000 евра во денарска противвредност во случај на инвалидитет, односно 1000 евра во денарска противвредност во случај на смрт.

| | |
|---|---|
| 1-20 | Југо 1150 |
| 21-60 | Група N |
| 61-100 | Група А ; SP |
| 101-130 | Група Н***;E1,ST,WRC,GT*** |

На тренинг и трка, задолжителна е употреба на заштитна опрема согласно правилникот на техничката комисија на АФМ,односно,хомологирана заштитна кацига,хомологиран комбинезон, хомологирана долна облека што подразбира употреба на долна облека со долги ногавици и ракави ,хомологирани ракавици,хомологирана поткапа и хомологирани обувки.

Контролата на заштитната опрема се врши на техничкиот прием како и во предстартниот простор но и во текот на целиот натпревар од страна на техничката комисија на натпреварот.

**Се препорачува користење на *„HANS"*.**
**Се најавува од 2012,задолжително користење на *„HANS"***

## *СТАРТНИ БРОЕВИ*

**Член 19**

За време на натпреварите возачите се задолжени да ги носат стартните броеви од двете страни од возилото.

Стартните броеви и таблите ги обезбедува АФМ и натпреварувачите се должни со нив да настапуваат на секој натпревар. Истите треба да бидат еднообразни**.** Неносењето на стартните броеви и таблите издадени од АФМ ќе се казнува парично со износ од 50 евра и на натпреварувачот нема да му биде дозволен старт на натпреварот доколку не се во склад со горенаведеното.

Стартните броеви ги одредува спортскиот директор за ридски натпревари според пласманот на пилотите во шампионатот на Македонија во автомобилизам на кружни патеки за 2009 година. Доколку некој пилот кој имал пласман во 2009 година ,не настапи во иста класа (или воопшто не настапи) неговиот стартен број останува непотполнет, а сите нови пилоти во поодделните класи го добиваат следниот стартен број кој е слободен.

Еднаш добиениот стартен број не може да се менува во текот на натпреварувачката сезона.

Пилотите се должни веднаш по завршувањето на натпреварувањето да ги покријат стартните броеви од своите возила доколку со нив се движат во јавниот сообраќај.

Движењето на возилата со стартни броеви во јавниот сообраќај претставува прекршок и повлекува парична казна во износ од 100 евра.

## ТРОШКОВИ

**Член 20**

Организаторот на натпреварот ги обезбедува следните трошкови за организација:
- лиценцирање на патеката
- трошкови за жирито на натпреварот
- трошкови на водителот на техничкиот преглед и неговите помошници
- организаторски технички трошкови.

## *МЕРЕЊЕ ВРЕМЕ И ОБРАБОТКА НА РЕЗУЛТАТИ*

**Член 21**

На натпреварот задолжително е мерење време со апарати кои измереното време го запишуваат на контролната лента,со точност од 1/1000 секунди. Фото ќелиите на стартот и на целта се поставуваат во висина од 40 см од тлото,над стартната,односно целната линија. На стартот возилата се поставуваат 1 метар пред стартната линија и стартуваат на знакот на стартерот. Возилото е должно најдоцна 15 секунди од дадениот знак за старт да прејде преку стартната линија со својот преден дел кога и започнува да му тече официјалното време на возењето. Доколку од објективни причини во пропишаното време возилото не ја помине стартната линија, односно не му започнало мерење на времето, возилото може да го повтори стартот како последно во групата, за што одлучува судијата на стартот.

Старт вон групата може да одобри единствено директорот на натпреварот, за што е должен да го консултира и
добие дозвола од минимално претседателот и еден член на жирито на натпреварот.

Доколку возилото ја прекинал стартната линија и ги активирал мерните иструменти,а возачот не е задоволен со стартот,повторен старт не е возможен.

За мерење на време на тренингот и трката е овластена службата за мерење на времиња која ќе ја одреди АФМ,која задолжително треба да присуствува на сите седници на жири комисија на натпревар и правовремено да дава извештаи.Жирито на натпреварот мора да изврши контрола на лиценците на мерната екипа. Хроно екипата на АФМ мора да ги издаде следните листи за секоја група:

- Листа на пријавени
- Стартна листа за тренинг
- Резултати од тренинг
- Тотализатор од тренинг
- Стартна листа за натпревар
- Резултати од натпреварот
- Тотализатор од натпреварот
- Редослед на АК/АКК

На сите листи мора да се наоѓа име и презиме на пилотот, стартен број, група и во која класа, на кое АК/АКК му припаѓа и со кое возило се натпреварува

Хроно екипата на АФМ е обврзана да биде на своето место минимум 60 минути а спремна за работа минимум 30 минути пред почетокот на секоја тренинг сесија и натпревар.

Жирито на натпреварот е должно да ја провери работата на уредите и идентитетот на службата за мерењена времиња и својот наод да го внесе во записникот од првата седница.

## *ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД И ВЕРИФИКАЦИЈА*

**Член 22**

Техничкиот преглед и верификација се извршува најмалку 2 часа пред почетокот на тренингот, сметајќи од завршувањето на работата на техничката и верификационата комисија.

Со поднесувањето на потребните документи до верификационата комисија, задолжително е извршување на лекарски преглед пред почетокот на тренингот. Прегледот ќе го врши медицинско лице. Само со потврда од медицинско лице (потпис на званичен образец за технички преглед) натпреварувачот има право на настап. Во спротивно верификационата комисија е должна да ги врати документите назад и да забележи во својот извештај до жири комисијата дека конкретниот натпреварувач нема право на настап.

Технички преглед се врши на званичен образец, пропишан од страна на техничката комисија на АФМ, во кој мораат да бидат внесени сите податоци кои се бараат со своерачен потпис на пилотот.

Секое натпреварувачко возило мора да има техничка книшка (пасош) од АФМ. Техничкиот прием се врши така што пилотот ја предава техничката книшка на АФМ на техничката комисија на натпреварот и истата се враќа по завршување на натпреварот.

Доколку во текот на натпреварот дошло до оштетување на возилото истото се впишува во техничката книшка со примедбите а натпреварувачот е должен да на следниот натпревар го доведе возилото во исправна состојба на кој ќе го прегледа водителот на техничката комисија. Секој пилот на технички преглед може да пријави резервен автомобил или мотор но само во класата во која е пријавен за натпреварување. Натпреварувачкиот автомобил на еден пилот не може истовремено да биде резервен автомобил на друг или повеќе пилоти.

Под натпреварувачки автомобил на еден пилот се подразбира да е пријавен на име на пилотот и со истиот направен технички преглед и верификација.

Резервните автомобили или мотори кои се примени на натпреварот, мораат да се наоѓаат во затворениот простор за паркирање, доколку не се за употреба и мораат да бидат обележани. Резервниот автомобил или моторот на тренингот може да го користи било кој пилот. Но од моментот кога прв пат го користел еден пилот, не може повеќе да го користи ниту еден од преостанатите пилоти, а на кои тој користен автомобил им служел како резервен**.** Во текот на трката возилата не можат да се менуваат.

Во случај на промена на мотор пилотите се обврзани за тоа да го извести водителот техничката комисија.

Организаторот на натпреварот е должен со посебниот правилник да го утврди времето во кое ќе се врши техничкиот преглед и верификацијата за секоја класа посебно. Техничката комисија на натпреварот врши преглед и на возилата кои закасниле, со тоа што за доцнење до 30 минути во соодветна класа, пилотот на возилото е должен да уплати казна во износ од 30 евра, а за доцнење преку 30 минути, а не подолго од 60 минути казна во износ од 60 евра.

Техничкиот преглед на тие возила ќе биде извршен по завршување на сатницата од последната класа.

За доцнење подолго од 60 минути одлучува жирито на натпреварот со соодветна парична казна која не смее да биде помала од 100 евра.

## *ЗАДОЛЖИТЕЛЕН СОСТАНОК СО ВОЗАЧИТЕ (brifing)*

**Член 23**

Пред почеток на секое натпреварување организаторот во сатницата мора да предвиди состанок со пилотите и натпреварувачите чија присатност е задолжителна.

Состанокот го води директорот или претседателот на жири комисијата на тој натпревар. Состанокот се организира најмалку 30 минути пред почетокот на тренингот.

Организаторот е должен по писмен пат на верификација да на сите пилоти им достави скратена верзија на најавените специфичности на натпреварот кои може да го повтори и на состанокот со пилотите.

Организаторот е должен на натпреварот (тренинг и трка) да постави лице за контакт со пилотите кое ќе носи лесно препознатлива ознака ,за пилотите да го препознаат и на огласна табла да го објави времето на одржување на состанокот со пилоти. Секој состанок со пилоти (brifing)) ќе биде одржан во за тоа одреден простор наведен во посебниот правилник за тој натпревар.

Потврда за присаство на состанокот(brifing)пилотите го потврдуваат со свој потпис,не присаство на пилот на состанокот се казнува парично во износ од 3.000,00 денари.

## *ТРЕНИНГ*

**Член 24**

Организаторот е должен да одржи два тренинга со мерење на време, слободен и официјален, еден ден пред натпреварот. Услов за настап на трка е во потполност извозен и завршен еден од тренинзите. Во случај да некој пилот нема извозено ниту еден од тренинзите, врз база на поднесено барање од страна на пилотот, жири комисијата на натпреварот ќе донесе одлука за право на настап. Доколку одлуката на жири комисијата е позитивна, ќе му дозволи старт на трката од последната старна позиција.

Пилотите на официјалниот тренинг стартуваат спрема стартните броеви во интервал од 60 секунди, со тоа што интервалот помеѓу две класи изнесува 2 до 5 минути.

На тренингот се врши мерење на време и врз основа на резултатите од тренингот се одредува редоследот на стартот на трката.

Организаторот има право да го дисквалификува секој пилот, кој ќе го затекне на патеката во отворен сообраќај. На оваа мерка се подложни сите пилоти кои имаат извршено верификација. Мерката се однесува на тренирање со натпреварувачки автомобил.

## *ТРКА И СИГУРНОСНИ ВОЗАЧИ*

**Член 25**

Стартот на автомобилот е со вклучен, запален мотор. Пилотите стартуваат спрема најдобрите времиња постигнати на тренингот , а во интервал од по 60 секунди.

Во случај натпреварот да се состои од две возења, пилотите стартуваат спрема најдобро постигнатите времиња на тренингот. За време на стартот задолжително е ставање на подметнувач под задните тркала на натпреварувачките возила. Помеѓу две класи мора да постои временска пауза во стартување од 2 до 5 минути. Во пласман на трката влегуваат само оние возачи кои постигнале најмногу 5 минути послабо време од натпреварувачот првопласиран на таа трка во иста класа.

Доколку натпреварот се состои од две возења, пилотите може да стартуваат во интервал од 30 секунди.

По завршувањето на трката сите пилоти кои постигнале пласман се должни да ги паркираат своите возила во “Parc Ferme“ до истекот на рокот за вложување на приговори.

Приговорите се поднесуваат веднаш, а најдоцна 30 минути по завршување на трката во соодветната класа на директорот на натпреварот.Организаторот на натпреварот е должен да го означи местото во Посебниот правилник каде ќе се примаат приговорите.

Организаторот може поради подобрување на сигурносните услови во натпреварот да вклучи и сигурносни возачи.

Максимален број на сигурносни возачи е три,истите се обележани со броеви 0/00/000

Сигурносните возачи можат својата доброволно земена обврска да ја извршат со сериски или спортски преправени возила.

Задолжителна сигурносна опрема на сигурносните возачи е составена во употреба на кацига и појаси на автомобилот со која ја извршува задачата.

Се препорачува да сигурносните возачи во време на извршување на својата задача за потребите на организаторот бидат животно осигурани према истите услови предвидени како и за натпреварувачите(пилотите).Поред наведеното сигурносните возачи мора да поминат и лекарски преглед предвиден на верификацијата на натпреварот.Сигурносните возачи се водат на во посебна евиденција на натпреварот и не се во надлежност на жири комисијата на натпреварот.Единствено задолжен за организирање на сигурносните возачи е организаторот на натпреварот.Сите можни битни недоразбирања штетни барања и сл. се решаваат помеѓу организаторот и сигурносните возачи со што се одрекува било каква спортска надлежност на натпреварот во претходно наведените случаи.

Основна улога на сигурносните возачи е тестирање на патеката пред возење на службената конкуренција на пилоти - натпреварувачи. При доаѓањето на цел,сигурносните возачи по потреба изнесуваат свои импресии на директорот на натпреварот и му сугерираат дали на патеката е потребно да се интервенира, да истата биде посигурна.На сигурносните возачи не им се мери време на поминување на патеката.

## *СТАРТ И СТАРТНА ПРОЦЕДУРА*

**Член 26**

Стартниот распоред се одредува во пред стартниот простор 30 минути пред почетокот на настапот. пилотите се должни да бидат на располагање на организаторот 1 час пред настапот и тоа во паркот на пилотите-сервисното паркиралиште.

Загревање на гуми со остри стартови при доаѓање на стартната позиција со себе повлекува исклучување од натпреварот, за што конечна одлука донесува жирито на натпреварот.

Во паркот на пилотите како и во пред стартниот простор, секакво загревање на гумите е најстрого забрането со закана за забрана на настап (одлуката ја донесува жирито на натпреварот)

## *ПРЕКИН И ПОВТОРЕН СТАРТ НА ТРКАТА*

**Член 27**

Во случај да е потребно трката да се стопира заради евентуален инцидент или климатски услови, директорот на натпреварот дава наредба на линијата на стартот да се истакне црвено знаме. Истовремено се известуваат сите судиски места до местото на инцидентот (или по целата патека доколку трката се прекинува заради климатски услови), да истакнат црвено знаме. Во тој момент трката е прекината за сите пилоти на патеката, освен за оние кои го изминале местото на инцидентот па имаат услови за завршување на трката.

Во случај на оваков прекин, сите пилоти оштетени со овој прекин, го повторуваат стартот. При прекин на тренингот, никој нема право на повторен старт. Во овој случај,

согласно постигнатите времиња се распоредуваат пилотите кои го извозиле тренингот во целост, а останатите стартуваат спрема стартните броеви.

Во случај на повторен старт на трката, пилотите по враќањето за повторен старт не можат да го менуваат видот на пневматиците со кои стартувале на редовниот стар (мокри со пневматици за суво или обратно), како што и не можат да ги сменат постоечките пневматици со нови или подобри. Пилотите по враќањето на повторно возење се свртуваат на местото за старт и стартуваат по упатствата на судиите. Не е дозволено никакво досипување на гориво, тоа значи дека секој пилот мора да води сметка да има доволно гориво во автомобилот за два можни старта!

За повторен старт на еден или повеќе пилоти, одлуката ја донесува директорот на натпреварот.

Секоја помош на пилотите од страна на гледачи или други личноти на патека е забранета и со себе повлекува дисквалификација.

Во случај на загрозување на сигурноста на останатите учесници, оваква помош е неопходна, а за сите други детали кои потекнуваат од таквата помош, конечна одлука ќе донесе жирито на натпреварот.

Одлука за прекин на трката може да донесе директорот на трката (за све мора да биде известено жирито на натпреварот по можност пред донесувањето на одлуката, а задолжително на првата наредна седница на жири комисијата.

Кога се истакнати црвени знамиња, пилотите се должни веднаш сигурно да го застанат автомобилот, и по упатство на судиите да го одвезат своето натпреварувачко возило во правец на трката до целта, со смалена брзина. Ако не је почитуваат таа процедура, пилотите ќе бидат исклучени од натпреварот.

Сите судиски места задолжително да водат записник за одвивањето на тренингот и трката, да му го предадат на директорот на натпреварот, а ќе послужат како докази при одлучување за евентуални спорни ситуации.

Секое завртување на автомобилот во спротивен правец од правецот на возење на трката најстрого е забрането и со себе повлекува исклучување од натпреварот ако се работи за намерно и свесно завртување.

Пилотите на патеката, должни се исклучиво да се придржуваат кон упатствата на судиите, кои се должни да бидат означени во препознатливи ознаки (облека).

Сидија на судиско место, носител на судиска лиценца, во исклучителни околности може да ја прекине трката за што веднаш го известува помошникот директор за врски на трката. За инцидентната ситуација должен е да поднесе писмен извештај.

## *ПАРК НА ПИЛОТИТЕ*

**Член 28**

По извршениот технички преглед и верификација организаторот ги сместува возачите и нивните натпреаврувачки возила во паркот на пилотите - сервисен паркинг.Паркот на пилотите мора да биде ограден и по можност опремен со питка вода,електрична енергија и среден за престој на поголем број особи(санитарија,канти за ѓубре и слично).

Пилотите во паркот или најдалеку 500 м од паркот на пилотите мора да имаат на располагање угостителски објект(едноставни оброци и ладни пијалоци).

Во паркот на пилотите мора да се наоѓа една огласна табла на организаторот,како и име на лицето на кого пилотот може да му се обрати за решавање на евентуални проблеми.Работење на натпреварувачките возила во паркот за пилоти е неограничено.Обврска е на пилотите да со цел за зштита на околината во паркот за пилоти да користат подметачи со минимални димензии од 3 x 4 м,а кои се поставуваат под натпреварувачките возила.Се препорачува на организаторите да го организираат паркот на

пилотите на асфалтирана или бетонирана подлога. при тоа да водат сметка пилотите да имаат доволно простор за припрема на своите натпреварувачки возила.

## *-ЗАТВОРЕН ПАРКИНГ ("PARC FERMÉ")*

**Член 29**

Одредбите на Затворениот паркинг кои се наведени во член 12 од Правилникот за ридски патеки во автомобилизам и со посебен член во Посебниот правилник на одредено натпреварување,а сите поединости за употреба на затворениот паркинг потребно е да се објасни на сите натпреварувачи ,писмено или на состанокот со пилоти.

Затворениот паркинг за натпреварувачките возила (parc fermé) организаторот ќе го осигура по завршување на последното возење доколку има повеќе возења.Доколку затворениот паркинг не се наоѓа на целта,правилата за затворен паркинг важат од поминување на целаната линија па до влез во затворениот паркинг,а возилата од поминување на целната линија па до влез во затворениот паркинг се под надзор на организаторот.

Сите пилоти кои учествувале во натпреварот должни се своите возила да ги оствaт во затворениот паркинг.Не влегување во затворениот паркинг повлекува исклучување од натпреварот.

Доколку возилата после целната линија се враќаат организирано во затворениот паркинг,забрането е секакво сопирање и искачање од колоната.

Таква постапка може да се смета како и за невлегување во затворениот паркинг,овој прекршок може со одлука на жирито на натпреварот да го казни со исклучување од натпреварот или парично.

## *ВРАЌАЊЕ НА ВОЗАЧИТЕ ОД ЦЕЛТА ВО ПАРКОТ НА ВОЗАЧИТЕ*

**Член 30**

На враќање од целта после секое возење(тренинг или трка),пилотите задолжително да ги користат сигурносните појаси во своите возила,што значи дека мора да бидат врзани.

Пилотите кои користат отворени возила (група: C, C3, CN, D и E2) поред појаси мора задолжително да носат и кацига.

Забрането е превезување на било која особа на или во возилото.

Забрането е претекнување на колоната возила на враќање од целта и напочитување на сигнализацијата на судиите по патеката.

Непочитување на претходно опишаните одредби ќе се гледа како загрозување на сигурноста на натпреварот и ќе се санкционира со парична казна а екстремни случаи можат да се санкционираат со искључување од натпреварот.

## *ПРИСТАП НА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА*

**Член 31**

Покрај официјалните лица , за што е задолжен да обезбеди службени ознаки, организаторот е должен да обезбеди службени ознаки и за механичарите на пилотите од AK/AKK . На овие лица им е дозволен пристап во сервисното паркиралиште, а во случај на кршење на одредбите на правилникот за авто спорт на АФМ, подлежат на парична казна.

Службените ознаки од претходниот став , организаторот е должен да обезбеди и за членовите на стручните комисии и Управниот одбор на АФМ кои присаствуваат на натпреварот.

## *СИГНАЛИЗАЦИЈА*

**Член 32**

На сите натпреварувања сигнализацијата мора да биде усогласена со Додатокот " Х " на ФИА.

Употребата на сигналните знаци,со кое располага секое судиско место, ги одредува раководителот на тоа судиско место или директорот на натпреварот .

На натпреварувањата се користат следните сигнални знаци:

| ***Реден Број*** | ***Сигнал*** | ***Значење*** |
|---|---|---|
| **1.** | ***Подигнување на знаменце на РМ*** | *Претстартен интервал од 5 секунди* |
| **2.** | ***Спуштање на знаменце на РМ*** | *С Т А Р Т* |
| **3.** | ***Светло сино знаме*** | *Знак дека натпреварувачот го следи друг возач на многу блиско растојание* |
| **4.** | ***Жолто знаме*** | *Опасност ! Забрането претекнување* |
| **5.** | ***Жолто знаме со вертикални црвени ленти*** | *Масло на патеката - лизгав коловоз* |
| **6.** | ***Бело знаме*** | *На патеката се наоѓа поспоро возило* |
| **7.** | ***Зелено знаме*** | *Отстранета претходно сигнализирана опасносност* |
| **8.** | ***Црвено знаме*** | *Задолжително застанување* |
| **9.** | ***Црно бело знаме ( Шах-поле)*** | *Ц Е Л* |
| **10.** | ***Мавтање со жолто знаме*** | *Непосредна близина на опасност* |
| **11.** | ***Вкрстени знамиња (жолто и жолто црвено)*** | *Многу сериозна опасност* |

Знамињата се употребуваат според член 4 - сигнализација од АНЕКС " Х "

## *РЕКЛАМИРАЊЕ*

**Член 33**

На пилотите им е дозволена употреба на сите реклами на возилата се додека:
- тоа е во согласност со националните закони и во склад со одредбите на АФМ и ФИА
- не ги навредува моралните претпоставки
- не го смалува видокругот на возачот

Рекламниот простор над стартниот број е резервиран за задолжителни реклами на АФМ.

Неносењето на овие реклами повлекува забрана на настап на натпреварот.

Организаторот на секој поединечен натпревар има право за поставување на 4 рекламни налепници со максимална димензија од 500 $см^2$. Доколку некој пилот одбие да носи некоја од овие налепници, му плаќа на организаторот казна од 50 евра во денарска противвредност за секоја налепница поединечно.

## *КАЗНИ - САНКЦИИ*

**Член 34**

Парични казни може да се изречат на сите официјални лица вклучени на натпреварот во зависност од тежината на прекршокот, во вредност од 100 до 300 евра, кои ги изрекува жирито на натпреварот, согласно Посебниот правилник за дисциплинска одговорност во авто-картинг спортот.

Сите казнети ќе немаат право на настап или вршење на функција се до подмирување на паричната казна. Евиденција за изречените казни води секретаријатот на АФМ , за што ги известува другите клубови и организатори на натпревари.

## *НАГРАДИ*

**Член 35**

Во случај класата да се прогласи од жирито на натпреварот, натпреварувачот кој освоил награда, а дополнително е дисквалификуван е должен веднаш да да ја врати наградата во АФМ за да може да се додели на натпреварувачот кој го зазел неговото место.

Доколку натпреварувачот не постапи како што е предвидено во став 2 од овој член, нема да има право да настапи на наредните натпревари.

Секој натпреварувач е должен по завршувањето на трката лично да ја прими наградата на место предвидено за тоа, уредно облечен и закопчан во својот заштитен комбинизон,во спротивно следи парична казна од 100 евра.а доколку организаторот дозволи натпреварувачот да дојде на доделувањето на наградата неуредно облечен и закопчан во својот заштитен комбинизон следи казна од 200 евра.

На секој натпревар организаторот доделува почесни нагрди:

- ГРУПА - од 1 до 3 место - ПЕХАР
- КЛАСА - од 1 до 3 место - ПЕХАР

(Доколку во групата и класата има помалку од 3 возила, пехар добива само победникот).

- ГЕНЕАЛЕН ПЛАСМАН - од 1 до 3 место - ПЕХАР
- Екипа АК/АКК и тим на спонзор - САМО ЗА 1 место - ПЕХАР

По завршување на трката пилотот е должен да дојде на подиумот за прогласување и да ја прими лично освоената почесна награда.Недоаѓањето се санкционира со парична казна во износ од 50 евра.

Се препорачува на организаторот за време на натпреварот (ден пред почеток на трката ) да организира дружење на пилотите со цел на меѓусебно дружење и овозможување целосно натпреварувачко доживување.

Организаторите на доделувањето мора да ја почитуваат минималната големина на пехарите,со што се утврдува дека пехарот за 3-то место не може да биде понизок од 18 см и да биде со помал пречник од 10 см.Со тоа што сите останати пехари мора да бидат со пропорционална големина.

Непочитување на оваа одредба можно е да се санкционира со парична казна на организаторот,а врз основа на согледувања од страна на делегатот на натпреварот со

задолжителна потврда од страна на одборот за авто спорт на АФМ кој во овој случај и го утврдува износот на паричната казна.

## *ЗАВРШНИ ПРИЗНАНИЈА*

**Член 36**

По завршување на Шампионатот на Македонија во авто трки на ридски патеки за 2010 година,Одборот за авто спорт на АФМ ќе додели и почесни награди:

- ЗА ДРЖАВЕН ПРВАК ПО ГРУПИ ( N , A , H ) 1 - 3 - ПЕХАР
- КЛАСА - од 1 до 3 место - ПЕХАР
- ГЕНЕРАЛНО - од 1 до 3 место - ПЕХАР
- ЗА ОСВОЕНО - од 1 до 3 место екипа на АК/АКК и тимови на СПОНЗОР- ПЕХАР

## *ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

**Член 38**

Измени и дополненија на овој Додаток исклучиво е во надлежност на Одборот за авто спорт.Право на толкување на одредбите од овој Додаток надвор од натпреварите исклучиво е во надлежност на Одборот за авто спорт.

Право на толкување на одредбите на овој додаток на натпреварите е во надлежност на жирито на тој натпревар.

Сите одредби кои евентуално не се внесени во овој Додаток ќе се толкуваат по одредбите на Правилникот за авто спорт на АФМ и меѓународниот спортски правилник на ФИА

.

Додатокот А02 е усвоен од Одборот за авто спорт на АФМ на ден 15.12.2009 и важи за натпреварувачката 2010 год.

Комисија за авто натпревари
на ридски патеки
Спортски директор:

____________________
Павле Доневски

АФМ
ОДБОР ЗА АВТО СПОРТ
Претседател:

____________________
Ранко Станојковски